Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26) а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден _.10.2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 17/25, 19/25 и 06/26) се врши изменување и тоа:

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона P10 “Заштита на животната средина и природата”, износот од “23.356.374,00“ се заменува со износ од “20.177.374,00“.

Во колона P10, во точка 1. “Анализа на квалитет на водите“ износот од “150.000,00“се заменува со износот од “75.000,00“.

Во колона P10, во точка 2. Проектна документација за животна средина потточка 2.2 Проектна документација за ремедијација, санација и понатамошна грижа за депонијата за градежен шут и друг отпаден градежен материјал износот од “500.000,00” се заменува со “0,00”.

Во колона P10, во точка 3. “Субвенционирање на физички лица-дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за – купен велосипед” износот од “150.000,00“се заменува со износот од “146.000,00”.

Во колона P10, во точка 3. “Субвенционирање на физички лица-дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за – купен инвертер клима уред “ износот од “750.000,00“се заменува со износот од “740.000,00”.

Во колона P10, точка 4. “Оперативен план/програма за заштита и спасување од штетно дејство на водите” износот “50.000,00” се заменува со “0,00”.

Во колона P10, во точка 5. “Исплата на финансиски средства на социјално ранливи категории на граѓани врз основа на склучен Договор за работно ангажирање преку Јавен Повик во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во општина Велес” износот од “3.468.875,00“се заменува со износот од “3.168.875,00”.

Во колона P10, во точка 1. “Механизација за потребите на ЈКП Дервен” износот од “12.000.000,00“се заменува со износот од “10.500.000,00”.

Во колона P10, се додава нова ставка, отстранување на отпадни тонери од објект на Општина Велес преку превземање и транспорт до одредена локација од страна на овластен постапувач согласно законска и подзаконска регулатива во износ од 60.000.00

Во колона P10, во точка 10. “Обезбедување на пропусна способност на Отовичка река – Делница 0+460,00-1+360,00” износот од “2.537.499,00“се заменува со износот од “1.737.499,00”.

Во Вкупно износот од “26.709.824,00“ се заменува со износ од “23.530.824,00 “.

Во Глава III. ФИНАНСИРАЊЕ износот од 26.709.824,00 се заменува со износот од 23.530.824,00.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

	Проект	Финансиски средства
P10	**Заштита на животната средина и природа**	**20.177.374,00**
1	Анализа на квалитет на водите	75.000,00
2	Проектна документација за животна средина: 2.1. Елаборати за заштита на животната средина; 2.2 Проектна документација за ремедијација, санација и понатамошна грижа за депонијата за градежен шут и друг отпаден градежен материјал; 2.3 Стратегиска оцена за влијание врз животната средина за Измена на ГУП.	 90.000,00 0,00 350.000,00
3	Субвенционирање на физички лица - дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за: 3.1 купен велосипед; 3.2 купен инвертер клима уред.	 146.000,00 740.000,00
4	Оперативен план/програма за заштита и спасување од штетно дејство на водите	0,00
5	Исплата на финансиски средства на социјално ранливи категории на граѓани врз основа на склучен Договор за работно ангажирање преку Јавен Повик во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во Општина Велес	3.168.875,00
6	Трансфер на финансиски средства за надомест на одложена амбалажа во Вендинг машини на Пакомак- согласно Проектна документација за потребите на младите од Општина Велес на Агенцијата за млади и спорт на РСМ	150.000,00
7	Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување	3.100.000,00
8	Механизација за потребите на ЈКП Дервен	10.500.000,00
9	Набавка на потрошен материјал за потребите на Проектот: ангажирање на социјално ранливи категории на граѓани во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во Општина Велес	60.000,00
10.	Обезбедување на пропусна способност на Отовичка река – Делница 0+460.00 – 1+360.00	1.737.499,00
11.	Отстранување на отпадни тонери од објект на општина Велес преку превземање и транспорт до одредена локација од страна на овластен постапувач	60.000,00
PA0	**Заштита на животната средина и природа (капитални расходи)**	**3.353.450,00**
1	Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на зелени површини – согласно Оперативната програма за реконструкција и подигнување на нови зелени површини	2.000.000,00
2	Набавка на садови за хортикултурно уредување	200.000,00
3	Набавка на пластични канти за отпад за домаќинствата во село	1.153.450,00
ВКУПНО:		**23.530.824,00**

Образложение

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година се врши измена во следните активности:

Во Глава II. Активности, во табеларниот приказ во колона P10 “Заштита на животната средина и природата”, износот од “23.356.374,00 “ се брише и се заменува со износ од “**20.677.374,00** “.

Во колона P10, во точка 1. “Анализа на квалитет на водите“ износот од “150.000,00“се се заменува со износот од “75.000,00“, затоа што се спроведе тендерска постапка и се склучи Договор само за дел 2 - Квантитативно определување на микроцистини и нодуларини (total microcystins/nodularins) во површински води од езеро Младост, со цел мониторинг на квалитет на вода и проценка на ризик за рекреативна употреба., додека за дел 1- Физичко – хемиска анализа, хемиска анализа и микробиолошка аналзиза се распиша тендер но безуспешно два пати затоа што не се поднесе ниту една понуда / ниту една прифатлива понуда.

Во колона P10, во точка 2. Проектна документација за животна средина потточка 2.2 Проектна документација за ремедијација, санација и понатамошна грижа за депонијата за градежен шут и друг отпаден градежен материјал се брише затоа што проектната задача е во фаза на подготовка и истата не може да се реализира до крајот на 2026год.

Во колона P10, во точка 3. “Субенционирање на физички лица-дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух износот од “150.000,00“се брише и се заменува со износот од “146.000,00” за купен велосипед и износот од “750.000,00“се заменува со износот од “740.000,00” врз основа на спроведена и реализирана постапка во целост по Јавен повик при што беа исплатени средства на барателите во висина од 50% од сумата за купен велосипед и 30% од сумата за купена инвертер клима уред.

Во колона P10, во точка 4. “Оперативен план/програма за заштита и спасување од штетно дејство на водите” износот од “50.000,00“се брише од причина што акцентот беше ставен за реализација на Проектот за Отовичка река.

Во колона P10, во точка 5. Исплата на финансиски средства на социјално ранливи категории на граѓани врз основа на склучен Договор за работно ангажирање преку Јавен Повик во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во општина Велес” износот од “3.468.875,00“се заменува со износот од “3.168.875,00” затоа што овој износ е доволен за исплата на ангажираните лица до крајот на годината.

Механизација за потребите на ЈКП Дервен” износот од “12.000.000,00“се брише и се заменува со износот од “10.500.000,00” по спроведена анализа на пазарот заради набавка на соодветна механизација .

Во колона P10, се додава нова ставка, отстранување на отпадни тонери од објект на општина Велес преку превземање и транспорт до одредена локација од страна на овластен постапувач согласно законска и подзаконска регулатива во износ од 60.000.00 , затоа што од досегашното работење на административните служби на општина Велес отпадните тонери не се отстранувани на соодветнен начин туку се складирани во објект-магацин во сопственост на општина Велес.

Во колона P10, во точка 10. “Обезбедување на пропусна способност на Отовичка река – Делница 0+460,00-1+360,00” износот од “2.537.499,00“се заменува со износот од “1.737.499,00” затоа што по реализација на проектот и ревидирана предмер пресметка по јавна набавка износот е значително понизок од износот утврден во Одлуката за јавна набавка.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2026 година ќе се намали за “3.179.000,00” денари и истата ќе изнесува “23.530.824,00” денари.

Од погоре ослободените финансиски средства во износ од 31.830,оо денари се распоредуваат во Програмата за активностите на Општина Велес за евроинтеграции и локален економски развој за 2026 година, а преостанатите финансиски средства во износ од 3.147.170,оо денари се распоредуваат во ставките од Буџетот на Општина Велес за 2026год.